**Младински Културен**
**Центар - Битола**




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2017

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

**Младински**Културен
**Центар**-Битола

# Годишен извештај
# 2017

Битола, март 2018




МКЦ
Младински Културен
Центар Битола

Младински културен центар - Битола е младинска, непрофитна, граѓанска организација основана во 1999 година. Мисијата на МКЦ - Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

## Долгорочни цели:

- Развој на волонтерството и неформалната едукација;
- Развој на демократското и граѓанското општество;
- Развој на урбаната култура и продукција.

## Краткорочни цели:

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, културата и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година како и партнерска организација на двете најголеми светски мрежи на волонтерски организации The Alliance и Service Civil International - SCI. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет и Сојуз на младински работници, член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Коалицијата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.



# ВОВЕД

За повеќе од 19 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Четиринаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а единаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја  размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

Во последните неколку години, МКЦ – Битола вложува напори за позиционирање како сериозен актер и партнер во креирањето на јавните политики на локално и на национално ниво, најпрвин преку учество на дел од работниот тим во обуки за јакнење на капацитетот за мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. Работата на ова поле, МКЦ - Битола ја продолжува со учество во неколку национални проекти како локален партнер при што беше вклучена во изработката на 4 мониторинг извештаи (комуникации со јавност, јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините  Битола, Демир Хисар, Новаци и Могила. Дополнително, МКЦ – Битола активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стартегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020).

На крај, 2017 година ја обележа МКЦ – Битола како силна младинска и волонтерска организација преку големиот број успешно реализирани локални волонтерски акции со вклучување на повеќе од 100 младинци – волонтери, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.



# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ:

Во текот на 2017 година, МКЦ – Битола продолжи со развивање и реализација на проекти и активности во рамките на новите пет програми:

1. Волонтерство
2. Неформално образование
3. Граѓански активизам
4. Урбана култура
5. Организациски развој

Развивањето на проектите и програмите претставува широко партиципативен процес на планирање врз база на потребите на корисниците и заедничка соработка со други граѓански организации и партнери од земјата и регионот. Притоа, главните компоненти на програмските активности за 2017 година беа насочени кон:

• Зајакнување на активизмот меѓу младите во локалната заедница преку волонтирање и неформално образование,

• Зајакнување на базата на конституенти, процес на зајакнување на системите за финансиски менџмент и управување со човечки ресурси, како и зголемување на видливоста на организацијата

• Активно учество и организација на јавни дебати и работилници за клучни прашања за граѓанскиот ангажман (волонтерство, младинска работа, вработливост на младите, неформално образование, младински активизам, младинско организирање),

• Поддршка за урбаната култура и продукција.

Програмата за 2017 година беше реализирана со поддршка на: Програмата Цивика Мобилитас на Швајцарската агенција за развој и соработка, ИПА програмата ЦФЦД Министерство за финансии на РМ, УНДП, Министерството за култура на РМ, Европската Комисија, Фондацијата отворено општество Македонија и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.

# ПРОГРАМА: ВОЛОНТЕРСТВО ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИИ

Волонтерската акција во која беа вклучени 15 вработени, членови и волонтери на организацијата се реализираше на 31 март со **чистење, уредување и бојадисување на дворното место** на Центарот за аутистичен спектар на нарушување во Битола.

По повод Меѓународниот ден на волонтерите се реализираше волонтерска акција со 10 волонтери во Домот за доенчиња и мали деца во Битола. Волонтерите од МКЦ-Битола имаа **креативни и едукативни работилници** со штитениците во Домот.






# МЕЃУНАРОДЕН ВОЛОНТЕРСКИ КАМП „СООЧУВАЊЕ СО МИНАТОТО И ИСТОРИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ НА БАЛКАНОТ“

Кампот се одржа во Битола од 10 до 19 септември 2017, каде дваесет млади луѓе од Германија, Македонија и Косово волонтираа за ревитализација на Еврејските гробишта во Битола и за промоција на мирот, сеќавањето и разбирањето. МКЦ-Битола по втор пат го реализираше проектот во партнерство со Forum ZFD, Pax Christi и Holocaust Memorial Center for the Jews of Macedonia. Во рамките на кампот се одржа и јавна дискусија за историјата на Битола како космополитски град на 15 сентември во рамките на Неделата на граѓански организации поддржана од Проектот за граѓанско учество (ПГУ) на УСАИД.

# ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2017

Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) по повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, од 2006 година востанови **Национални волонтерски награди во Република Македонија.**

Златен сертификат за волонтерство за 2017 година им доделивме на **Здружението за заштита на животните и животната средина Мали Херои - Битола** за **континуиран волонтерски ангажман во заедницата**. Волонтерите на „Мали херои" се пример за тоа како љубовта кон животните и малку иницијатива може да направи видливо и значајно движење во заедницата. Златен сертификат доби и **Билјана Беловинова волонтерка од Гостивар за континуиран волонтерски ангажман во заедницата.**

# РАБОТИЛНИЦИ ЗА ВОЛОНТЕРИТЕ НА МКЦ-БИТОЛА „МЕДИА/АРТ КЛУБ"

Медиа/Арт клубот за волонтерите на МКЦ - Битола им овозможи на младите да ги пренесуваат своите ставови на креативен начин и низ овој процес да научат повеќе за слободата на изразување. Како дел од својот едногодишен курикулум, членовите на овој клуб имаа можност да научат како да ги користат **новите медиуми и уметноста како алатка за младински активизам**. Средношколците и студентите кои беа дел од оваа приказна, работеа на различни теми и проблеми кои ги засегаат и се едуцираа за различни техники кои го поддржуваат младинскиот активизам - како аудио и видео изразување, фотографија, улична уметност. Членовите се здобија со можност своите знаења да ги користат за креирање на локални настани и акции на теми кои се од младински и општествен интерес.

# ПРОГРАМА: НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ
# ИПА ПРОЕКТ: „ПЛАТФОРМА YOUSEE – ПЛАТФОРМА ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА“

Младински културен центар – Битола е партнерска организација за Република Македонија во рамките на регионалниот проект поддржан од Европската Комисија **„Платформа за социјални иновации во младинско вработување во југоисточна Европа“**. Проектот се реализира во 7 земји на југоисточна Европа: Македонија, Црна Гора, Албанија, Косово, Србија, Босна и Херцеговина и Турција. Главна цел на проектот е да ги истражи состојбите со младинската невработеност во регионот и да понуди иновативни модели и решенија за поттикнување на младинската вработливост во земјите вклучени во проектот.

Во текот на годината организиравме неколку настани за структурен дијалог по прашањето на младинската невработеност во Македонија со претставници на Министертсвото за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и Агенцијата за спорт и млади. Во рамките на Европската недела на мали и средни претпријатија 2017, Младинскиот културен центар – Битола во соработка со Европската бизнис асоцијација (ЕБА) организираше јавна дискусија на тема **„Поддршка на претприемништвото и малите бизниси“.**

Носечки активности во текот на 2017 година беа изработката и публикувањето на мониторинг извештаи за имплементација на активните мерки за вработување во Република Македонија. Во ноември 2017 година по втор пат го организиравме настанот **„Саем за кариера 2“**. Настанот вклучуваше штандовска презентација на компании кои нудат слободни работни места, кратки презентации од претставници на иновативни бизниси од Македонија, можност за посетителите да се запознаат и да разменат контакти со наши најдобри tech и стартап компании. Дел од настанот беа и интерактивни, инспиративни и едукативни работилници за мотивација на млади да започнат сопствен бизнис. На Саемот за кариера беа претставени 15 компании и имавме над 200 посетители на настанот.






# ПРОЕКТ: „МЛАДИНСКИ ИНФО КЛУБОВИ ВО БИТОЛА И ШТИП“

Со подршка на UNDP, МКЦ-Битола продолжи со координација на активностите на **„Младинските инфо клубови“** на Универзитетите во Битола и Штип. Главна цел на клубовите е да ги информираат студентите за активните мерки на пазарот на труд, да понудат совети и материјали за унапредување на нивните можности за практична работа, неформално образование и јакнење на нивните вештини за полесна транзиција кон вработување. Во текот на годината се одржаа обуки за стекнување на меки вештини и се одржаа неколку средби за вмрежување на бизнис заедницата со млади невработени лица, баратели на работа.

# ИПА ПРОЕКТ: „ОБЕДИНЕТИ МЛАДИНСКИ РАБОТНИЦИ“

МКЦ-Битола во партнерство со Креактив – Скопје, Младинската мрежа на југоисточна Европа (SEEYN)-Босна и Херцеговина и Национална асоцијација на младински работници (NAPOR) – Србија во декември 2015 година започна со имплементација на 18 месечен проект **„Обединети младински работници“** финансиран од ИПА Програмата на Европската Комисија IPA TAIB 2011 „Понатамошно јакнење и финансиска одрживост на граѓанското општество“.

Главна цел на иницијативата е да се подобри институционалниот механизам за соработка на младинските организации со државните институции како еднакви партнери во креирањето на младинските политики и донесувањето на одлуки поврзани со младинската работа.

Во рамки на проектот, во текот на 2017 година се реализираа активности за развој и унапредување на младинската работа во Република Македонија. Во рамките на проектот, преку партиципативен процес се поднесе формална иницијатива за стандард на занимање младински работник - практичар до Центарот за стручно образование и обука. Исто така, се реализираше прviот пилот курс за обука на младински работници на која учествуваа 20 младински работници. На завршната Конференција вио мај 2017 беа промовирани резултатите од проектот и беше промовирана публикацијата **„Патеки во младинската работа“.**





# ИПА ПРОЕКТ: „РУРАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“

МКЦ - Битола како партнерска организација на Центарот за социјална работа – Прилеп во текот на 2016 година го имплементираше ИПА проектот **„Рурални иницијативи за вработување“**. Главната цел на проектот е да е да ја зголеми вработеноста и вработливоста на лица од социјално ранливите категории, невработени лица вклучувајќи ги и лицата корисници на социјална помош од општините Прилеп, Долнени и Кривогаштани, да помогне во нивната социјална интеграција, како и да ја подобри нивната компетенција која ќе биде клучна во добивањето на постојана работа.

Во текот на 2017 година група од 60 корисници поминаа обука за подготовка за барање на работа, вработување и однесување на работно место. Дополнително, во рамките на проектот е обезбедена бесплатна обука за стекнување со возачка дозвола за управување со возила од Б и Ц1 категорија, како и процес на кариерно насочување и добивање на работно место. По завршувањето на проектот 25 млади лица беа вработени.

# ПРОЕКТ: „АКТИВНО УЧЕСТВО ВО НАМАЛУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ КАЈ РОМИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА“

Проектот имаше за цел да ја поттикне на институционална соработка помеѓу граѓанските организации и локалните власти на полето на младинската невработеност и подобрување на условите за намалување на младинската невработеност преку развој и стимулирање на претприемништво кај Ромската заедница во општина Битола.

Проектните активности се реализираа преку формирање на меѓусекторска работна група и одржување на 2 консултативни форуми за креирање на нацрт документ за подобрување на состојбата на младите претприемачи Роми во општина Битола. Се одржа и обука за застапување и лобирање за 16 учесници кои ќе бидат вклучени во активности за застапување за реализација на предлог мерките во стратешкиот документ. Финален производ на иницијативата беше подготовката и промоцијата на **“Локална стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола”** која како стратешки документ ќе биде поднесена на усвојување до Советот на општина Битола. Проектот се реализираше со поддршка на Европската Унија во рамките на иницијативата „Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри меѓуетнички односи“.



## ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

МКЦ - Битола активно соработуваше со други партнерски организации преку различни граѓански и младински иницијативи. Своето искуство иz знаење го пренесувавме на локални граѓански организации преку обуки и консултантски услуги за подигање на капацитетите за граѓански активизам.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА - НМСМ

МКЦ-Битола како регионална канцеларија на **Националниот младински совет на Македонија – НМСМ** ги промовираше активностите на мрежата преку организација на дебати и работилници на теми за младинско учество и организирање. Една од целите беше застапување и делување во името на интересите на младите и младинските организации преку претставување на нивните интереси пред институциите. За таа цел МКЦ - Битола и НМСМ организира консултативна средба во Битола. Целта на оваа средба беше да се соберат млади луѓе без разлика на нивниот пол, етникум, социјален статус, верска определба и родов идентитет, на едно место за да подискутираат за нивните најважни приоритети на локално ниво. Барањата и препораките добиени од младите беа инкорпорирани во еден документ кој што ги насочи локалните институции и власти во нивното работење со цел обезбедување на позадоволна младина на локално ниво.

## ПРОЕКТ: „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ И ПРАВНИ КАПАЦИТЕТИ НА МКЦ-БИТОЛА“

Со поддршка на фондови од Фондација отворено општество Македонија и во соработка со МОФ реализиравме **обука за волонтерски менаџмент** за претставници на 15 граѓански организации во мај 2017 година. Целта беше да им се помогне на граѓанските организации да ги зголемат своите јадра и бројот на волонтери вклучени директно во нивната работа, да се помогне со проток на кадар во организацијата и да се зајакнат врските кои организациите ги имаат со граѓаните и конституентите. Грантот исто така е наменет за поддршка на организацијата за поефикасно справување со нарачаните контроли за финансиското работење од страна на УЈП и финансиската полиција како организирана хајка насочена кон замолчување на граѓанските организации и отежнување на нивното функционирање.

# ЛОКАЛЕН МОФ ЦЕНТАР – КЛУБ „УЧИМЕ ПРАВО“

Предавањата во склоп на овој клуб се одвиваа според предвидениот курикулум, секоја втора сабота и воедно вклучуваа низа работилници и посети на разни државни институции или организации со јавни овластувања (Народен правобранител, општина, судови...) со цел подобро запознавање со работата на истите и намалување на јазот помеѓу овие институции и младите луѓе. Исто така, се организираше и симулацијата на судење, како најинтересна алатка, каде што учениците беа ставени во улога на судии, јавни обвинители, адвокати, обвинети и сведоци, па тие на директен начин ги совладаа елементите на главната расправа и ги применуваа стекнатите теоретски знаења.

# ПРОЕКТ: „ОБЈАВИ МЕ“

Проектот претставува иновативен модел на партнерство меѓу МКЦ Битола како лидерска граѓанска организација и Телевизија ТЕРА, етаблиран и искусен медиум насочен кон задоволување на потребите на своите гледачи.

Проектот предвидуваше емитување на **серијал од 20 ТВ емисии** во кои гледачите имаат улога на репортери и продуценти и ќе имаат можност да се вклучат на интерактивен начин во креирање на содржините во серијалот преку коментирање, гласање, споделување, создавање и дополнување на содржините. Целта беше публиката да стане prosumers (consumer + producer на содржината). Реализирана беше интензивна кампања за поголема видливост на проектот како и издавање на краток **прирачник за медиумска писменост** наменет за граѓаните на почетокот на следната година. Проектот беше реализиран во рамките на Коалицијата за медиумска писменост со фондови од ЕУ.



# ИПА ПРОЕКТ:
# „ПОДЕЛЕНО МИНАТО – ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА“

ПОДЕЛЕНО МИНАТО
ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА
- Минатото е само сенка на иднината -

Во рамките на регионалниот ИПА проект „Поделено минато – заедничка иднина“ реализиравме активности од првата национална кампања за помирување и градење на мир на Балканските простори. Главна цел на проектот „Поделено минато – Заедничка иднина“ е граѓанските организации да бидат препознаени од Владите во регионот како важен општествен фактор со силен капацитет за градење на мир и помирување. Проектот вклучува 18 организации од повеќе земји со различни вештини и области на екпертиза. Со комбинација на овие специфични можности проектот се базира на широка соработка и вмрежување на партнерските организации. Партнерски организации од нашата земја вклучени во проектот се Младински културен центар – Битола и Прогрес – Институт за социјална демократија.

Во септември 2017 година во Скопје организиравме јавна дискусија на тема „Помирување и градење на мир – предизвици и решенија“ со Проф. Д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, пратеникот Г-н Стево Пендаровски и аналитичарот Г-н Алберт Муслиу.



# ПРОЕКТ: „БЛИСКИ СРЕДБИ СО БРОЈКИТЕ“

Во партнерство со ТВ Тера реализиравме уште еден проект со општа цел за зголемување на квалитетот на информирање на јавноста преку преку поттикнување на квалитетно и кредибилно истражувачко новинарство. Со проектот се подготви база на отворени податоци од областите животната средина, здравство, квалитет на живот, економија и финансии за Пелагонискиот регион. Беа подготвени и објавени **4 новинарски анализи на ТВ Тера** и преку медиумска размена на други локални, регионални и национални ТВ станици во земјата за:

- Животната средина во Пелагонија низ бројки
- Социјална помош, просечна плата и праг на сиромаштија во Пелагонија
- Здравството во Пелагонискиот регион
- Пелагонија низ парите

Проектот е финансиран со фондови од Европската Унија во рамките на иницијативата „Истражувачко новинарство за поттикнување на реформи“.

# РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГА МОСТ

МКЦ - Битола како **партнерска организација на ГА МОСТ** беше вклучена во инцијативата за мониторинг на локалните избори 2017 за општините Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци. МКЦ-Битола регрутира, обучи и распореди над **170 домашни набљудувачи.** Тие го набљудуваа изборниот процес и известуваа за текот на гласањето на изборниот ден.

# ПРОЕКТ: „ПРИСТАП ДО ПРАВДА“ – БЕСПЛАТНА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

Преку програмата **„Бесплатна претходна правна помош“** беа поттикнати граѓаните на општина Битола и околните општини за преземање акции за заштита на своите права пред судовите и пред другите органи на државната управа. Во 2017 година, преку оваа програма на МКЦ – Битола, укажана е претходна правна помош на 90 баратели кои доаѓаат од социјално ранливи групи на граѓани и маргинализирани групи. Доставени се 10 барања за бесплатна правна помош, од кои 5 се одобрени а 5 се одбиени. За 2 одбиени барања е покренат управен спор.

# ПРОГРАМА: УРБАНА КУЛТУРА

## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2017“

Младинскиот културен центар – Битола (МКЦ-Битола), го реализираше 16-тото издание на фестивалот **„Битола отворен град 2017“**. Четиридневниот фестивал беше одржан на различни локации во Битола и вклучуваше улични концерти, уметнички модни инсталации и јавни дискусии. Фестивалот послужи како важна платформа за многумина уметници, млади луѓе и учесници од граѓански организации, да ги искажат своите ставови за општествено релевантни теми преку културни активности.



На главниот музички настан настапија легендарните **“Забрањено Пушење”**, како и предводниците на реге музиката во Македонија и пошироко **“Conquering Lion”**.






# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ 2017

УНЕСКО младински клуб на МКЦ – Битола по петти пат се вклучи во оваа глобална акција и тоа со организирање на концерт на Сашо Поповски, Иван Иванов, Иван Бејков и Михаил Парушев во соработка со кафе барот Камарите во Битола. Овој настан е дел од глобалната акција за прослава на Меѓународниот ден на џезот кој вклучува настапи и концерти во преку 100 земји во светот. Овој ден ги сплотува нациите и општествата прославувајќи ја уметноста на џезот, потенцирајќи ја неговата важна улога во охрабрувањето на дијалогот меѓу културите и цивилизациите, промовирајќи го човековото достоинство. Поради овие вредности УНЕСКО го поттикнува и охрабрува одбележувањето на овој ден.



# ПРОЕКТ: „ЏЕЗ ФАБРИКА“

**Џез фабрика** е иницијатива која ја поддржува џез музиката како уметност и алатка која го охрабрува дијалогот меѓу културите и цивилизациите, промовирајќи го човековото достоинство и интеркултурното разбирање. Иницијативата вклучуваше музички работилници за современи музички стилови и џез музика прилагодени за деца од 7 – 14 години во општина Могила како и завршен концерт на отворено на џез составот Сашо Поповски Трио. Проектот беше со поддршка од **Министерството за култура на РМ** во рамките на иницијативата **Нов културен бран**.

# ПОДДРШКА НА МЛАДИ МУЗИЧАРИ – МУЗИЧКО СТУДИО

**Музичкото студио** на МКЦ-Битола продолжи да овозможува простор за проби на млади музички бендови од Битола. Неколку десетици млади музичари од Битола и регионот своите проби ги одржуваат во нашето студио.

# ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Ова е нова програма предвидена во Стратешкиот план на организацијата 2017-2020 година. Главните цели на програмата се однесуваат на следните три клучни точки:

- Да ја направи организацијата одржлива на долг рок;
- Да ја подобри ефикасноста во работењето на организацијата;
- Континуирано да ги јакни капацитетите на членството и волонтерите.

Во текот на 2017 година со значајната поддршка од институционалниот грант од Програмата Цивика Мобилитас бевме фокусирани на 3 сегменти и тоа на: **подобрување на системот за финансиско работење** во организацијата, **развој на подобрен систем за менаџирање со човечките ресурси и зголемување на видливоста на организацијата** преку нов пристап во односите со јавноста со посебен фокус на профилите на социјалните мрежи. Дополнително, како дел од техничката поддршка, во текот на 2017 година е набавено и ново службено возило за потребите на организацијата.

Во рамките на оваа програма се реализираа редовните состаноци на органите и телата на МКЦ-Битола и континуирано се посетуваа обуки, работилници и тренинг курсеви за зголемување на вештините и знаењата на персоналот, членовите и волонтерите во организацијата.



**Младински**Културен
**Центар**-Битола

**Младински културен центар – Битола**
ул. Цар Самоил 29 Битола 7000 Македонија
Тел. 047 233 020 Факс 047 203 925
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk

**Друштво за ревизија**
**ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА**
**КУЌА ДОО Прилеп**
ул. „Драган Димески“ бр. 19
7500, П р и л е п
Република Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
мобилен: 070 208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР**
ул. Цар Самоил бр.29
**БИТОЛА**

***Извештај за финансиските извештаи***

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Младински културен центар Битола, и тоа на Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2017 година, како и на извештајот на приходите и расходите за годината којашто завршува тогаш, како и на прегледот на значајаните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот на Младински културен центар – Битола е одговорен за подготвување и објективно презенетирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементриање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, прикажуавање без разлика дали се резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија.Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разлгедува интрната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Младински културен центар - Битола за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не и за целата на изразување на мислење за ефективноста на интерната конторла на субјектот на ревизијата.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени ос страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, целокупното финансиско работење на Младински културен центар - Битола за 2017 година е во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија, и ова Здружение не врши повеќекратно финансирање на исти буџетски ставки од различни извори на финансирање. Финансиското работење синтентизирано е прикажано во финансиските извештаи на Здружението, кои исто така беа предмет на нашата ревизија. По однос на овие, нашето мислење е дека Билансот на финансиската состојба и Прегледот на приходите и расходите објективно ја презентираат од сите материјални аспекти, финансиската состојба и финансиското работење на Младински културен центар – Битола, како и неговата финансиска успешност за годината која што завршува на 31 Декември 2017 година и се во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

По однос на давателот на грантот Цивика Мобилитас, нашето ревизорско мислење е дека целокупните финансиски односи на Младински културен центар - Битола со давателот на грантот, се во согласност со позитивните законски прописи на Република Македонја ии одредбите од договорот за грант.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Менаџментот на Младински културен центар е одговорен за подготвување на финансиските извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2003 ... 154/2015). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010 ... 23/2016) е да известиме дали финансиските извештаи се конзистентни со годишната сметка за годината која завршува на 31 декември 2017 година. Нашата работа во однос на финансиските извештаи е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во финансиските извештаи се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишните финансиски извештаи се конзистентни од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Младински културен центар Битола за годината која завршува на 31 декември 2017 година.

П р и л е п,
28. 05. 2018 година

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Пелагониска Ревизорска Куќа
ДОО П р и л е п
Управител

Пецко Ристески

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

на Младински културен центар Битола
за годината завршена на 31 декември 2017 година

| | Белешки | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември 2016 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| **А. ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **15** | **1.030** | **297** |
| Нематеријални средства | | - | - |
| Материјални средства | | 1.030 | 297 |
| Материјални и нематеријални вложувања во подготовка | | - | - |
| Долгорочни финансиски вложувања | | - | - |
| **Б. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АВР** | **16** | **3.871** | **4.000** |
| Парични средства | | 1.667 | 2.409 |
| Хартии од вредност | | - | - |
| Побарувања од купувачи | | 204 | 53 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити, кауции | | - | - |
| Краткорочни финансиски побарувања | | 2.000 | 1.500 |
| Други краткорочни побарувања | | | - |
| Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | | | - |
| Активни временски разграничувања | | | 37 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **4.901** | **4.296** |
| **ПАСИВА** | | | |
| **Извори на деловни средства (деловен фонд)** | **17** | **327** | **327** |
| **Ревалоризациона резерва** | | - | - |
| **Долгорочни обврски** | | | - |
| **Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки** | **18** | **371** | **130** |
| Добавувачи | | 371 | 130 |
| Обврски спрема државата за даноци и придонеси | | - | - |
| Краткорочни финансиски обврски | | - | - |
| Други краткорочни обврски | | - | - |
| Обврски за плата | | - | - |
| **ПВР** | **19** | **4.203** | **3.838** |
| **Резервен фонд** | | | - |
| **Нераспределен дел од вишокот на приходите – добивка** | | - | - |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | | **4.901** | **4.296** |

Младински културен центар
Директор
Сашо Додовски

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
на Младински културен центар Битола
за годината завршена на 31 декември 2017 година

| | Белешки | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември 2016 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **1. РАСХОДИ ( материјални расходи, услуги и амортизација)** | 6 | **5.961** | **5.584** |
| Потрошени материјали | | 989 | 331 |
| Потрошена енергија | | 1.893 | 1.793 |
| Други услуги | | 852 | 1.006 |
| Превозни - транспортни услуги | | 296 | 432 |
| Издатоци за реклама, пропаганда, репрезентација | | 1.776 | 1.928 |
| Амортизација | | 145 | - |
| Наемнини | | 3 | - |
| Други материјални расходи | | 6 | 94 |
| **ДРУГИ РАСХОДИ** | 7 | **4.687** | **5.427** |
| Провизии, даноци, членарини | | 63 | 120 |
| Премии за осигурување | | 57 | 33 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | | 2.325 | 2.005 |
| Надомест на трошоците на работниците и граѓани | | 9 | 28 |
| Членарини | | - | 3 |
| Други расходи | | 65 | 3.239 |
| Издатоци за меѓународна соработка | | 2.168 | - |
| **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | 8 | | **3** |
| **ПОМОШТИ ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | 9 | **325** | - |
| а) Помошти, донации и други давачки на правни субјекти | | 325 | - |
| б) Надоместа и помошти на други лица | | - | - |
| **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ** | 10 | **3.425** | **3.834** |
| а) Вкалкулирани плати | | 3.425 | 3.834 |
| б) Вкалкулирани надомести | | | - |
| **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | | - | - |
| **Вонредни расходи** | 11 | **834** | |
| **ВУПНО РАСХОДИ** | 12 | **15.231** | **14.848** |
| **Остварен вишок на приходи пред оданочување** | 13 | **4.203** | **3.838** |
| **Даноци и придонеси и други давачки од добивката** | | - | - |
| **Остварен нето вишок по оданочување** | 14 | **4.203** | **3.838** |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ** | | | |
| Приходи од продажба на производи стоки и услуги | | - | - |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики | | 28 | 32 |
| Приходи од членарини, подароци, донации | | 18.447 | 17.704 |
| Приходи од кирии и закупнини | | - | 712 |
| Сопствени приходи | | 846 | 217 |
| Други приходи | | 114 | 21 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 5 | **19.434** | **18.686** |

Младински културен центар
Директор
Сашо Додевски


МКЦ
CIVIC
ИНФО КЛУБ
Michael Gray
nord stage 2
ELEKTRO




МладинскиКултурен
Центар Битола

Младински културен центар – Битола
ул. Цар Самоил 29 Битола
7000 Македонија
Тел. 047 233 020 Факс 047 203 925
Е-маил: mkcbt@t.mk
www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Младински културен центар - Битола и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика Мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.